Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 143/0306
25.07 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 26.05.2023 година, врз основа на примена жалба од Здружение за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР Центар“ ја донесе следнава:

# ОДЛУКА

**Текстот со наслов „Нови детали за убиството на Србинката Ана Волш: Сопругот ја распарчил поради љубовник“, објавен на 29 април 2023 на интернет-порталот А1ОН.мк, отстапува од професионалните и етички стандарди.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 29 април 2023 година, Здружението за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ поднесе жалба за содржина со наслов „Нови детали за убиството на Србинката Ана Волш: Сопругот ја распарчил поради љубовник“, објавена на 29 април 2023 на интернет-порталот А1он (a1on.mk). Во жалбата се наведува дека во содржината е прекршен членот 3 од Кодексот, односно има прекршувања по основ на говор на омраза.

Во жалбата се наведува дека „ Онлајн медиумот според нас е одговорен за содржината на објавените коментари од своите читатели, објавени на веб-страницата на онлајн медиумот во просторот за коментари. Одговорност, според нас носат и медиумите, за кои е потребно соодветно да реагираат. Недозволиво е медиумите да дозволат да бидат, злоупотребени и да послужат како средство за ширење омраза, упатување повици за насилство и слично. Дел од коментарите од читателите (цитираме): „Sapun. Trebalo. Da ja. Naprave“, „Samo taka neka mu e alal bravo respekt.za neka zenite se svestat sto pravat“, „alal da mue respekt“, „Saka da se dupi so drugi slatko I e Epa svoeto bato“, „Bravo maz prav takvi treba da gi ima povece ama i na ljubovnikot trebal da mu go trgne“ и др... медиумите е потребно да реагираат кога се работи за говор на омраза и да внимаваат кога се појавуваат коментари со насилство.“

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со А1ОН.мк и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е ОСНОВАНА и едногласно одлучи дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија, но има прекршување на дополнителните насоки за известувањето на онлајн медиумите.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата на 26 април 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во оспорената содржина.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Комисијата констатира дека во случајов не станува збор за прекршување на Кодексот, но, има прекршување на дополнителните насоки за известувањето на онлајн медиумите во делот на администрирање на коментарите на официјалните профили на социјалните медиуми. Во овој случај констатирано е прекршување на Член 20 од дополнителните насоки за известувањето на онлајн медиумите:
Член 20 – Одговорност за објавувањето коментари од читатели.

20.2.Онлајн медиумот ќе ги отстрани сите коментари кои содржат: повикување на насилство или други кривични дела, говор на омраза, дискриминација, закани и други облици на загрозување на правата и безбедноста на поединци, групи, институции, без оглед дали се директно или индиректно поврзани со текстот или темата што се обработува во него.

20.3.Онлајн медиумот ќе дефинира правила за уредување на коментарите на читателите во просторот за слободно коментирање под објавените текстови и содржини. Тие правила ќе бидат објавени на платформите на кои содржината се објавува и ќе содржат: информации за регистрирањето на коментарите, почитувањето на правилата на коментирање, недозволени содржини во коментарите, причина за отстранување на коментарите и др. Онлајн медиумот е одговорен и за содржините на коментарите поставени кон новинарските содржини на медиумот објавени на неговиот профил на социјалните мрежи.

***

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595